ПП бр: 13 - 59 / 12

Врз основа на член 9 став (3), член 10 и член 24 став (1) точка 1) од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.66/24), Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, во состав: М-р. Борче Размоски – претседател, М-р. Малинка Силјановска Николиќ, Александар Тргачевски, Никола Трајчевски и Valon Elezi – членови, постапувајќи во постапката поведена по службена должност, со заклучок ПП бр.13-59/6 од 07.04.2025 година, против Друштво за производство, трговија и услуги РЕПТИЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со седиште на адреса Мери Бошкова бр. 21А Скопје, Република Северна Македонија, на седница одржана на ден 04.07.2025 година го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1) Се утврдува дека Друштво за производство, трговија и услуги РЕПТИЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со седиште на адреса Мери Бошкова бр. 21А Скопје, Република Северна Македонија и ЕМБС: 4444370, сторило прекршок од член 26 став (1) точка 1) од Законот, за што му се изрекува глоба во износ од 10.000,00 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната Банка на Северна Македонија на денот на уплатата.

2) Се утврдува дека согласно 26 став (2) од Законот, на одговорното лице (Управител) во правното лице Друштво за производство, трговија и услуги РЕПТИЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со седиште на адреса Мери Бошкова бр. 21А Скопје, Република Северна Македонија, Даница Личанин - Блажеска со живеалиште на адреса Ул. Иван Аговски бр.11-1/18, му се изрекува глоба во износ од 350,00 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната Банка на Северна Македонија на денот на уплатата.

3) Глобата од точка 1) и точка 2) од ова решение, сторителот на прекршокот е должен да ја плати во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението на трансакциска сметка на налогопримач: 100-0000000630-95, уплатна сметка: 840xxx[1]07337 - глоби за сторени прекршоци од областа во надлежност на Комисијата за заштита на конкуренцијата, со приходна шифра 722139 и програма 00, налогопримач - Министерство за финансии, банка на примач – НБРСМ и до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави доказ/примерок од извршената уплата на глобата во рок од 15 дена од извршената уплата. Неплатената глоба или ненавремено платената глоба, ќе се наплати по присилен пат. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

[1] Се наведува ознаката на општината согласно Списокот на општини со ознаки во Република Македонија, кој е составен дел на Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи (Службен весник на Р.М. бр.8/06)

**Образложение**

**На ден 14.03.2025 година**, на седница на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: „КОП"), врз основа на член 28 став (2), член 30 став (1) и член 41 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, бр.136/11, бр.41/14, бр.53/16 и бр.83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 208/24 и 16/2025), како и член 9 став (3), член 10 и член 19 од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.66/24) (во понатамошниот текст: „Законот"), беше донесен Заклучок (**ПП бр. 13-59/1 од 14.03.2025 година**), за прибавување докази на лице место во правното лице: РЕПТИЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со седиште на Мери Бошкова бр.21А, 1000 Скопје, Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: „РЕПТИЛ"), поради постоење на сознание дека истите поседуваат предмети, исправи или друга документација или има сознанија кои можат да бидат од значење за утврдување на прекршок. За време на вршењето на дејствијата во РЕПТИЛ предвидени со Заклучокот (бр. 13-59/1 од 14.03.2025 година), овластените лица од Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: „Комисијата"), се претставија, легитимираа и предадоа една копија од Заклучокот за прибавување податоци на лице место на присутните претставници на РЕПТИЛ: Даница Личанин Блажеска – Управител; Билјана Николовска – Извршен заменик директор и Јованка Трајкова – Комерцијален директор.

На прашањето од преставниците на Комисијата, дали РЕПТИЛ води регистар на добавувачи кои доставуваат безалкохолни пијалоци и води, Даница Личанин Блажеска одговори дека имаат регистар на сите добавувачи. Листата на добавувачи беше доставена на увид од страна на Даница Личанин Блажеска. Од страна на овластените лица на Комисијата беа побарани <u>копии од договорите склучени со добавувачи, при што е назначено дека истите треба да се со важност од 01.01.2025 година</u>, и тоа:

- ДПТУ Кожувчанка
- Магрони ДОО Скопје
- Еуродистрибуција ДООЕЛ
- Пивара АД Скопје
- ДПТУ Кола ДООЕЛ извоз-увоз Скопје
- Горска ДООЕЛ
- ДППУ Вивакс ДОО Скопје и
- Еуро-Грандс ДООЕЛ

Согласно барањето од преставниците на Комисијата, Јованка Трајкова достави копии од последно важечките договори со ДПТУ Кожувчанка, Магрони ДОО Скопје, Еуродистрибуција ДООЕЛ, Пивара АД Скопје, ДПТУ Кола ДООЕЛ извоз-увоз Скопје, Горска ДООЕЛ и ДППУ Вивакс ДОО Скопје, а истата ги извести преставниците на Комисијата дека во тек на денот, по електронска пошта дополнително ќе достави и важечки договор со добавувачот Еуро Грандс. Даница Личанин Блажеска истакна дека <u>други договори за наведените добавувачи не поседуваат бидејќи се во преговори за потпишување</u>.

Дополнително, од преставниците на Комисијата беше побаран увид во деловодната книга на РЕПТИЛ, со цел да се направи увид во начинот на архивирање на побараните договори со наведените добавувачи. Од присутните лица од Рептил беше одговорено дека водат електронска деловодна книга, но во истата не се заведени договори со важност од 01.01.2025 година со претходно наведените добавувачи.

За време на прибавувањето докази на лице место, преставниците на Комисијата составија Записник (**ПП бр. 13-59/2 од 14.03.2025 година**) и Потврда (**ПП 13-59/3 од 14.03.2025 година**) во кои се наведени разговараните теми како и одземената/прибавената документација/договори со добавувачите на РЕПТИЛ.

Договорот на РЕПТИЛ со добавувачот Еуро Грандс беше доставен до Комисијата по електронски пат од страна на Јованка Трајкова со допис (**ПП бр. 13-59/4 од 14.03.2025 година**).

Со цел утврдување на постоење на евентуален прекршок од член 26 став (1) точка 1) од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи, КОП направи анализа на прибавените податоци во дотогашниот тек на постапката, при што утврди дека:

- Договорот со ДПТУ Кожувчанка е склучен на 27.09.2024, а во член 8 од истиот се посочува дека се склучува на неопределено време сметано од денот на неговото потпишување;
- Договорот со Магрони ДОО Скопје е склучен на 27.09.2024 година, а во член 8 од истиот се посочува дека се склучува за период од 28.09.2024 до 31.12.2024 година;
- Договорот со Еуродистрибуција ДООЕЛ во член 12 посочува дека договорот се склучува за период од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година. Во член 12 од Договорот е наведено и дека истиот може да се продолжи или раскине со претходна најава од страна на двете страни;
- Договорот помеѓу РЕПТИЛ и Пивара АД Скопје е склучен на 31.12.2024 година. Во член 12 од истиот е посочено дека преставува анекс кон постоечкиот Договор, а во член 12 од истиот се посочува дека со овој анекс се продолжува времетраењето на Договорот за период од 01.01.2025 до 31.03.2025 година;
- Договорот со ДПТУ Кола ДООЕЛ извоз-увоз Скопје е склучен на 27.09.2024 година. Во член 5 од Прилог 1 кон Договорот е дефинирано дека стапува на сила сметано од 27.09.2024 година до 31.12.2024 година или до склучување на нов прилог помеѓу страните во зависност од тоа што ќе настапи прво;
- Договорот со Горска ДООЕЛ е склучен на 27.09.2024 година, а во член 8 од истиот се посочува дека се склучува на неопределено време сметано од денот на неговото потпишување;
- Договорот со ДППУ Вивакс ДОО Скопје е склучен на 25.09.2024 година, а во член 17 точка 1 од истиот се посочува дека Договорот се склучува на неопределено време;
- Договорот со Еуро-Грандс ДООЕЛ е склучен на 14.03.2025 година. Во член 8 од истиот се посочува дека се склучува на неопределено време сметано од денот на неговото потпишување од страна на двете договорени страни;

Согласно претходно наведеното, видно е дека во договорите помеѓу РЕПТИЛ и добавувачите (ДПТУ Кожувчанка, Горска ДООЕЛ, ДППУ Вивакс ДОО Скопје и Евро-Грандс ДООЕЛ) е наведено дека времетраењето на договорите е на неопределено време, при што доставениот Договор со добавувачот Еуро-Грандс не се однесува на периодот од 01.01.2025 година, туку овој договор е склучен и доставен по електронски пат до Комисијата на 14.03.2025 година кој е денот кога Комисијата го изврши прибавувањето на податоци на лице место во РЕПТИЛ.

Во договорите со добавувачите (Магрони ДОО Скопје, Еуродистрибуција ДООЕЛ и ДПТУ Кола ДООЕЛ) договорната деловна соработка помеѓу РЕПТИЛ и овие субјекти не се однесува и не го опфаќа периодот по 01.01.2025 година. Така, договорот со Магрони ДОО Скопје е за периодот од 28.09.2024 до 31.12.2024 година, договорот со Еуродистрибуција ДООЕЛ е за периодот од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година а договорот со ДПТУ Кола ДООЕЛ е за периодот од 27.09.2024 година до 31.12.2024 година.

**На 07.04.2025 година**, со цел утврдување на на тоа дали постои тековна деловна соработка помеѓу РЕПТИЛ и некои од наведените добавувачи кај кои е утврдено дека периодот регулиран во прибавените договори е истечен, од страна на Комисијата беше пратен допис по електронски пат (**ПП бр. 13-59/5 од 07.04.2025 година**), до еден од добавувачите - Магрони ДОО Скопје.

Со дописот, беше побарано произнесување од овој добавувач по однос на прашањата:

- Дали Магрони ДОО Скопје има склучен Договор за деловна соработка со РЕПТИЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, кој е со важност во 2025 година? Доколку постои таков договор, да се произнесат кога бил склучен истиот, и
- Дали во периодот по 01.01.2025 година, Магрони ДОО Скопје има доставувано производи кои се опфатени со листата на земјоделски и прехрамбени производи согласно Законот за нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи?

**На 07.04.2025 година,** од страна на Магрони ДОО Скопје, по електронски пат беше доставен одговор на дописот од КОП (ПП бр. 13-59/5 од 07.04.2025 година), при што е посочено дека за 2025 година сеуште немаат склучен писмен договор за деловна соработка со РЕПТИЛ, но кон РЕПТИЛ тековно доставуваат производи кои се опфатени со листата на земјоделски и прехрамбени производи согласно Законот за нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи.

**На 07.04.2025 година**, согласно дотогаш доставените и анализирани податоци и информации, на седница на КОП беше донесен Заклучок за поведување на прекршочна постапка (**ПП бр. 13-59/6 од 07.04.2025 година**) против РЕПТИЛ, заради тоа што сторило евентуален прекршок од член 26 став (1) точка 1) од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи. Со заклучокот беше побарано од РЕПТИЛ да достави до КОП оригинал или заверена копија од тековна состојба на субјектот. Заклучокот за поведување на прекршочна постапка ПП бр. 13-59/6 од 07.04.2025 година беше доставен до РЕПТИЛ со допис (**ПП бр. 13-59/7 од 07.04.2025 година**).

**На 10.04.2025 година**, со допис (**ПП бр. 13-59/8 од 10.04.2025 година**), РЕПТИЛ достави до КОП оригинална тековна состојба.

**На 09.05.2025 година**, согласно дотогаш утврдените заклучоци, на седница на КОП беше донесено - Известување за утврдена фактичка состојба (**ПП бр. 13-59/9 од 09.05.2025 година**). Известувањето за утврдена фактичка состојба беше доставено до РЕПТИЛ со допис (**ПП бр. 13-59/10 од 09.05.2025 година**).

**На 21.05.2025 година**, РЕПТИЛ достави до КОП – Произнесување со забелешки – приговор по известување за утврдена фактичка состојба (**ПП бр. 13-59/11 од 21.05.2025 година**). Во наведеното Произнесување, помеѓу другото РЕПТИЛ посочува дека во Известувањето за утврдена фактичка состојба ПП бр. 13-59/9 од 09.05.2025 година било наведено дека договорите треба да се важност од 01.01.2025 година, но не било наведено дека речиси сите Договори имаат важност дали на определено или неопределено време. Исто така, РЕПТИЛ наведува дека дел од договорите наведени во Известувањето за утврдена фактичка состојба ПП бр. 13-59/9 од 09.05.2025 година се изготвени од страна на самите добавувачи, а посочува и на одредби од ЗОО кои би биле применливи со оглед на според нив, нејасната одредба во врска со времетраење на Договорот опфатена со член 7 став (2) точка 6) од Законот. Во своето произнесување, а како поткрепа на нивните наводи, посочено е дека доставуваат и соодветна е-маил комуникација со добавувачот Магрони. Исто така, РЕПТИЛ наведува дека <u>и да потпишеле Договор со Магрони</u>, не можеле да ја натераат другата страна да го потпише истиот тој Договор. Понатаму, РЕПТИЛ посочува дека голема е разликата помеѓу имање на Договор со непредвидени општи услови помеѓу договорните страни и немањето на никаков Договор. Со ова тврдење, РЕПТИЛ смета дека немањето на Договор не може да се смета како прекршок согласно член 26 став (1) точка 1) од Законот, бидејќи Законодавецот предвидел казна само во случај кога во Договорот не се предвидени општите деловни услови помеѓу Договорните страни, а не предвидел казна за немањето на Договор.

По анализата на дотогаш прибавените информации и податоци, а имајќи го во предвид и Произнесувањето со забелешки – приговор по известување за утврдена фактичка состојба (ПП бр. 13-59/11 од 21.05.2025 година) од РЕПТИЛ, КОП посочува дека:

- Во Известувањето за утврдена фактичка состојба (ПП бр. 13-59/9 од 09.05.2025 година), доставено до РЕПТИЛ со допис (ПП бр. 13-59/10 од 09.05.2025 година), на страна 2 и 3 од истото, КОП јасно ги наведува периодите на важност на сите прибавени/доставени договори помеѓу РЕПТИЛ и добавувачите, притоа наведувајќи и членови од Договорите или Анексите кон истите кои посочуваат на евентуално продолжување на Договорите на неопределено време.
- Согласно одредбите на Законот, не е одредено која од договорните страни мора, може или треба да го изготви текстот и формата на Договорот и затоа е нејасно посочувањето во Произнесувањето од страна на РЕПТИЛ дека некои од договорите се изготвени од самите добавувачи.
- РЕПТИЛ во своето Произнесување со забелешки – приговор по известување за утврдена фактичка состојба (ПП бр. 13-59/11 од 21.05.2025 година), до КОП доставува и соодветна е-маил комуникација со добавувачот Магрони, иако ваква комуникација не е доставена до КОП и

- Во произнесувањето, РЕПТИЛ посочува дека има голема разлика помеѓу имањето на Договор со непредвидени општи услови помеѓу договорните страни и немањето на никаков Договор, како и дека немањето на Договор не може да се смета како прекршок согласно член 26 став (1) точка 1) од Законот, бидејќи Законодавецот предвидел казна само во случај кога во Договорот не се предвидени општите деловни услови помеѓу Договорните страни, а не предвидел казна за немањето на Договор. Наведеното е уште една потврда од страна на РЕПТИЛ дека помеѓу нив и Магрони постои тековна деловна соработка и по истек на Договорот кој бил со важност до 31.12.2024 година. Оваа соработка воопшто не е регулирана со Договор склучен во писмена форма т.е. Договор кој ги содржи сите услови кои се неопходни за уредување на деловниот однос меѓу добавувачот и купувачот согласно одредбите од Законот.

Согласно Член 7 став (1) од Законот, Договорот за снабдување на земјоделски и прехранбени производи меѓу добавувачот и купувачот мора да биде склучен во писмена форма пред испорака на земјоделски или прехранбени производи.

Согласно Член 7 став (2) од Законот, Договорот од ставот (1) на овој член мора да ги содржи сите услови кои се неопходни за уредување на деловниот однос меѓу добавувачот и купувачот како договорни страни, а особено мора да содржи одредби за: 1) цената на земјоделскиот и/или прехранбениот производ и начинот на определување или пресметување на цената; 2) квалитетот и видот на земјоделскиот и прехранбениот производ што се доставува до купувачот; 3) условите и роковите за испорака на земјоделските и прехранбените производите кои се предмет на договорот; 4) условите и роковите за плаќање на испорачаните земјоделски и прехранбени производи; 5) местото на испорака на земјоделските и прехранбените производи; 6) времетраењето на договорот и 7) престанување и раскинување на договорот.

Согласно Член 7 став (3) од Законот, покрај условите од ставот (2) на овој член, во договорот за снабдување од ставот (1) на овој член мора на јасен и недвосмислен начин да бидат утврдени и општите деловни услови меѓу договорните страни, кои не смеат да содржат одредби кои се сметаат за нефер трговски практики согласно со член 8 од овој закон.

Согласно Член 7 став (4) од Законот, со општите деловни услови од ставот (3) на овој член се утврдуваат условите за продажба и купување, правата и обврските на добавувачот и правата и обврските на купувачот, обезбедување на побарувањата на добавувачот, правата и обврските на добавувачот и на купувачот, во случај кога купувачот ќе го раскине договорот, размената на информациите, измената на општите услови, виша сила, решавање спорови, заштита на личните податоци и доверливост.

Согласно Член 7 став (5) од Законот, општите деловни услови од ставовите (3) и (4) на овој член се обврзувачки за договорните страни од ставот (1) на овој член.

Согласно член 24 став (1) точка 1) од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи (во понатамошниот текст: „Законот"), откако Комисијата за одлучување по прекршок (во понатамошниот текст: „КОП") во целост ќе ја утврди фактичката состојба од значење за правилно одлучување,

донесува решение со кое утврдува дека лицето против кое е поведена постапката сторило прекршок предвиден со одредбите од овој закон и изрекува соодветна прекршочна санкција.

Согласно на се погоре наведено, КОП утврди дека РЕПТИЛ не постапува согласно предвидените законски обврски во Законот, а ваквото однесување на РЕПТИЛ преставува прекршок согласно член 26 став (1) точка 1) од Законот, кој член е јасен и недвосмилен и посочува дека глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност за микротрговец, глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност за мал трговец, глоба во износ од 6.000 до 12.000 евра во денарска противвредност за среден трговец и глоба во износ од 10.000 до 20.000 евра во денарска противвредност за голем трговец, ќе му биде изречена за прекршок на правното лице кое во својство купувач кон неговите добавувачи употребува значителна преговарачка моќ со наметнување нефер трговски практики, ако во договорот за снабдување на јасен и недвосмислен начин не се утврдени општите деловни услови меѓу договорните страни, согласно со членот 7 ставови (3), (4) и (5) од овој закон;

Согласно член 26 став (2) од Законот, КОП на одговорното лице во правното лице за дејствата од ставот (1) на овој член, ќе му изрече глоба во износ од 50 до 100 евра во денарска противвредност за микротрговец, глоба во износ од 100 до 200 евра во денарска противвредност за мал трговец, глоба во износ од 200 до 350 евра во денарска противвредност за среден трговец и глоба во износ од 350 до 500 евра во денарска противвредност за голем трговец.

При увидот во тековната состојба на Друштво за производство, трговија и услуги РЕПТИЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со седиште на адреса Мери Бошкова бр. 21А Скопје, Република Северна Македонија и ЕМБС: 4444370, утврдено е дека истиот е категоризиран како голем субјект.

Согласно член 28 став (1) од Законот, во одмерувањето на износот на глобата, КОП ќе ги земе во предвид тежината на прекршокот, времетраењето на прекршокот и опсегот на повредата и последиците предизвикани со прекршокот.

Согласно 28 став (2) од Законот, КОП при одмерување на глобата најпрво определува основен износ на глобата, а потоа истиот го приспособува, земајќи ги предвид олеснителните или отежнителните околности.

Согласно 28 став (3) точка 2) од Законот, КОП при одмерување на глобата го зема во предвид фактот дека сторителот на прекршокот ефективно соработуваше со КОП.

КОП утврди дека согласно 26 став (1) од Законот, на правното лице Друштво за производство, трговија и услуги РЕПТИЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со седиште на адреса Мери Бошкова бр. 21А Скопје, Република Северна Македонија и ЕМБС: 4444370, ќе му изрече глоба во износ од 10.000,00 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната Банка на Северна Македонија на денот на уплатата.

Исто така,  КОП утврди дека согласно 26 став (2) од Законот, на одговорното лице (Управител) во правното лице Друштво за производство, трговија и услуги РЕПТИЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со седиште на адреса Мери Бошкова бр. 21А Скопје, Република Северна Македонија, Даница Личанин - Блажеска со живеалиште на адреса Иван Аговски бр.11-1/18, Скопје, Република Северна Македонија, ќе му изрече глоба во износ од 350,00 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната Банка на Северна Македонија на денот на уплатата.

Заради сето горе наведено се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од триесет (30) дена од денот на приемот на ова решение. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК**
**Претседател**
**М-р. Борче Размоски**